**Република Северна Македонија**
**Општина Зелениково**

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## за Реконструкција на локален пат с.Зелениково – с.Страхојадица

**Почитувани граѓани,**

Ве известуваме дека во периодот од **15.07.2021** година до **15.11.2021** година ќе се изведуваат градежни работи на локацијата **локален пат Зелениково – Страхојадица** за реализација на проектот **Реконструкција на локален пат Зелениково – Страхојадица**. Работите ги изведува фирмата ФИЛИП ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје, а инвеститор е општина Зелениково, овој проект се реализира со под-заем средства од Меѓународната банка за обнова и развој Светска банка, преку Проектната единица на Министерство за финансии на Република Северна Македонија и МСИП проектот со цел подобрување на квалитетот на животот на месното население.

На ден 17.08.2021 година во времетраење од 10.00 до 16.00 часот, ќе се изврши асфалтирање на делницата од влезот пред село Страхојадица до раскрсницата кон село Тисовица и село Смесница. Притоа, сообраќајот ќе биде прекинат на посочената делница, поради што се известуваат жителите на посочениот дел да ги паркираат возилата на автобуската станица во село Страхојадица, доколку имаат потреба за нивно користење во наведениот период. Доколку имаат хитна потреба граѓаните можат да го користат пристапниот пат низ селото Страхојадица кој не е асфалтиран.

Ве молиме за разбирање и соодветно прилагодување од ваша страна за потребите на брзо и навремено спроведување на градежните работи.

За дополнителни информации/прашања, Ве молиме да се обратите кај Дејан Димитровски тел.078/233-252, од општина Зелениково.

**Со почит,** **Општина Зелениково**